**Шаховска Федерација на Македонија**
**Chess Federation of Macedonia**
Сала кк Работнички бб, Градски Парк, Скопје
e-mail: chessmkd@t.mk
web: http://chess-mkd.mk/

**ШАХОВСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

25.04.2024 година

# Одлуки од втората седница на УО

УО на ШФМ, на 21.04.2024 година ја одржа својата втора седница.

На седницата беа разгледувани следниве точки:

1. **Усвојување на записникот од Првата седница на УО**
2. **Конституирање на УО**
3. **Именување на комисии**
4. **Одлука за субвенции за клубови за учество на лига**
5. **Избор на делегат на ФИДЕ конгрес**
6. **Избор на селектор на младински репрезентации**
7. **Барање на Кирил Георгиев за префрлање на Бугарска рејтинг листа**
8. **Предлог за зголемување на судиски хонорари**
9. **Одлуки за доделување на фигури за училиштата**
10. **Ангажирање на дополнителен секретар за албански јазик за сите официјални документи, превод на веб страната и ФБ страната на ШФМ**
11. **Дневници за членовите на УО на ШФМ**
12. **Организатор на настани (Европско Рапид и Блиц, Опен Скопје и сл.)**
13. **Долгови на клубовите спрема ШФМ**
14. **Разно**
    **14.1. Членство во други организации Балканска, Франкофонска организација и сл**
    **14.2. Став на ШФМ за барања за поддршка на поединечни настапи на светски и европски натпревари**
    **14.3. Награден фонд за Македонија Опен**
    **14.4. Пехари кои ќе се доделуваат на најуспешните шахисти/екипи на турнирите организирани на ШФМ**
    **14.5. Плакета за животни заслуги за развој и допринос на шахот**

Управниот одбор ги донесе следниве одлуки:

1. Усвојување на записникот од Првата седница на УО
   Едногласно беше усвоен записникот од првата седница на УО одржана на 04.02.2024 година.

**Шаховска Федерација на Македонија**
**Chess Federation of Macedonia**
Сала кк Работнички бб, Градски Парк, Скопје
e-mail: chessmkd@t.mk
web: http://chess-mkd.mk/

2. **Конституирање на УО**

Едногласно беше усвоен новиот Управен одбор во состав: Саша Богдановиќ – претседател, Агим Шемшији – потпретседател, Александра Гакидова – секертар на УО, Зоран Стојчевски, Рамиз Дема, Сурија Таук, Воислав Мерџаноски, Борис Лушески, Крсте Танчевски, Иван Недев и Арлинд Јонузи.

**Предлогот е едногласно усвоен.**

3. **Именување на комисии**

Се разгледуваа измени во судиската и натпреварувачката комисија, евентуални измени во други комисии ќе се разгледуваат на следниот состанок на УО.

**На гласање беше ставен предлогот:**
Судиската комисија да биде во состав: Сашко Лакински – претседател, Воислав Мерџаноски и Драгана Николовса
Натпреварувачката комисија да биде во состав: Рамиз Дема – претседател, Оливер Органџиев и Трајче Недев

**Предлогот е едногласно усвоен.**

4. **Одлука за субвенции за клубови за учество на лига**

Се одложи одлуката по точката со оглед на сензитивноста на темата и да се достави предлог до сите членови на УО за електронско изјаснување најдоцна до 26.04.2024.

5. **Одлука за субвенции за клубови за учество на лига**

**На гласање беше ставен предлогот:**
Зоран Стојчевски да биде номиниран за делегат во ФИДЕ.

**Предлогот е едногласно усвоен.**

6. **Избор на селектор на младинските репрезентации**

**На гласање беше ставен предлогот:**
Зоран Илиќ да биде номиниран за селектор на младинските репрезентации.

**Предлогот е едногласно усвоен.**

7. **Барање на Кирил Георгиев за префрлање на Бугарска рејтинг листа**

**На гласање беше ставен предлогот:**
Да се дозволи преминување на Кирил Георгиев на Бугарската рејтинг листа, со тоа што тој ќе го одржи првиот нареден камп на ШФМ без финансиски надоместок.

**Предлогот е едногласно усвоен.**

8. **Предлог за зголемување на судиски хонорари**

**На гласање беше ставен предлогот:**
Да се усвои зголемувањето на хонорарите согласно предлогот доставен од судиската комисија со една исправка во текстот да стои „повратен“ билет наместо синтагмата „двоен“.

**Предлогот е едногласно усвоен.**

9. **Одлуки за доделување на фигури за училиштата**

**На гласање беше ставен предлогот:**
Да се донираат по 3-5 шаховски гарнитури по одделение во оние основни училишта каде што е започната наставата по шах, согласно можностите на ШФМ.

**Предлогот е едногласно усвоен.**

10. **Ангажирање на дополнителен секретар на албански јазик за сите официјални документи, превод на веб страната и ФБ страната на ШФМ**

Беше заклучено дека треба да се најде волонтер кој ќе ги преведува расписите и веб страната на албански јазик.

11. **Дневници за членовите на УО**

**На гласање беше ставен предлогот:**
Секој член на УО кој патува надвор од местото на одржување на седницата да му бидат покриени патни трошоци во висина од вредноста на литар бензин за секои поминати 10 км и дополнително да му бидат покриени трошоците за патарини доколку членот приложи сметки за патарина од денот на одржување на седницата.

**Шаховска Федерација на Македонија**
**Chess Federation of Macedonia**
Сала кк Работнички бб, Градски Парк, Скопје
e-mail: chessmkd@t.mk
web: http://chess-mkd.mk/

**Предлогот е едногласно усвоен.**

**12. Организатор на настани ( Европско Рапид и Блиц, ОПЕН Скопје и сл.)**

**На гласање беше ставен предлогот:**
Организатор на сите меѓународни настани во 2024 година да биде ШФМ.

**Предлогот е едногласно усвоен.**

**13. Долгови на клубовите спрема ШФМ**

**На гласање беше ставен предлогот:**
Да се опоменат клубовите да ги подмират своите долгови до 17.05.2024, како последна опомена пред исклучување од системот на натпревари. Доколку ова не се случи истите ќе бидат исклучени од системот на натпревари и тоа, Првата лига ќе биде надополнета од пласманот на втората лига минатата година 2023, додека втората лига ќе биде надополнета со екипи спрема пласманот од квалификациите од оваа 2024 година. Исклучените екипи може да вратат во системот на натпревари во најнизок ранг од следната година откако ќе ги подмират своите долгови.

**Предлогот е едногласно усвоен.**

**14. Разно**

**14.1. Членство во други организации Балканска, Франкофонска организација и сл.**

**На гласање беше ставен предлогот:**
УО на ШФМ го поддржува членството во меѓународни организации во кои нема некои дополнителни финансиски обврски за ШФМ.

**Предлогот е едногласно усвоен.**

**14.2. Став на ШФМ за барања за поддршка на поединечни настапи на светски и европски натпревари**

**На гласање беше ставен предлогот:**
ШФМ да ја плати котизацијата за учество на натпреварите но само на оние поединци кои ќе се пласираат во првата третина на табелата на официјални Европски и Светски поединечни првенства во шах.

**Шаховска Федерација на Македонија**
**Chess Federation of Macedonia**
Сала кк Работнички бб, Градски Парк, Скопје
e-mail: chessmkd@t.mk
web: http://chess-mkd.mk/

**Предлогот е едногласно усвоен.**

**14.3. Награден фонд за Македонија Опен**

**На гласање беше ставен предлогот:**
Наградниот фонд за Македонија Опен да биде ист како и во 2023 година т.е. 240.000,00 денари на ОПЕН и 80.000 денари на женскиот турнир.

**Предлогот е едногласно усвоен.**

**14.4. Пехари кои ќе се доделуваат на најуспешните шахисти/екипи на турнирите организирани на ШФМ**

**На гласање беше ставен предлогот:**
На турнирите за сениори да има пехар за победникот, на првата екипна сениорска лига да има пехари за првите три пласирани екипи.
На младинските првенства да има пехари за победниците и медали за прво пласираните тројца натпреварувачи

**Предлогот е едногласно усвоен.**

**14.5. Плакета за животни заслуги за развој и допринос на шахот**
**На гласање беше ставен предлогот:**
Оваа година за време на одржување на Македонија Опен плакета за животни заслуги да му се додели на Љубомир Танчев.

**Предлогот е едногласно усвоен.**

25.04.2024
Скопје

Шаховска Федерација на Македонија
Секретар на УО
Александра Гакидова